Проект за меѓуетничка интеграција во образованието

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието

## Јуни 2013

---

## I. СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

### Компонента 1 - Информирање на јавноста и на заедниците

- **Завршување на креативни работилници** во текот на месец јуни во рамките на избраните осум училишта во осум општини (Куманово, Штип, Карпош,Тетово, Битола, Кичево, Велес и Гази Баба). Работилниците беа фацилитирани од страна на наставниците под менторство на експерти/уметници за група од 20-25 ученици во секое училиште, со цел градење на капацитетите, проширување на своите знаења и своите вештини за развој и примена на меѓуетничка интеграција преку креативни методи и пристапи. Активностите/работилниците се спроведуваа во периодот од април до јуни 2013.
- **Промотивен настан и изведба на театарска претстава "Љубов Çok, Разделба Jok" во Безистен, општина Штип** беше организиран со цел промовирање на продукт изработен од страна на групата на ученици од средното училиште "Славчо Стојменски" кои учествуваа на креативните работилници. На настанот се обрати градоначалникот на општина Штип, г. Илчо Захариев и државниот секретар на Министерството за образование и наука, г-ѓа Елизабета Тодоровска, а присуствуваа родители, наставници, претставници од МОН, УСАИД и други граѓани од градот Штип.
- **Два настани на сечење на лента по повод реновирање на училиштата во општина Струмица** беа организирани во месец јуни 2013 во соработка со училиштата (средното училиште Никола Карев во Струмица и основното училиште Маршал Тито во село Банско) и општината, со цел да се одбележи завршувањето на процесот на реновирање.
- **Неформални средби со уредници и новинари од медиумите КОХА, 24 Вести и Канал 5** во месец јуни беа организирани со цел да се информираат околу тековните настани и активности кои што се спроведуваат во рамките на ПМИО. На средбите беа дискутирани и договорени можностите за гостување на претставници од проектот во дневните емисии со цел информирање на јавноста околу активностите на проектот.
- **Редовно информирање на институциите, општините и училиштата за активностите**. Дел од активностите во текот на месец јуни опфатија и редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и прикази за текот на активностите преку веб-страна на проектот: www.pmio.mk

### Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците

- **Регионални состаноци со претставници од општините, основните и средните училишта**. На 12 и 13 јуни, 2013 година беа организирани 4 регионални состаноци во Куманово, Тетово, Кичево и Струга со претставници од општините, основните и средните училишта од полошкиот, североисточниот и јужно-западниот регион кои се вклучени во втората фаза на имплементација на ПМИО. Целта на регионалните состаноци беше учесниците да се запознаат со концептот за меѓуетничката интеграција во образованието и да добијат насоки за отпочнување на проектните активности.

- **Еднодневна работилница со мастер обучувачите за подготовка на обуките со тимовите за училишна интеграција од втората фаза.** Во текот на работилницата која се одржа на 15 јуни, 2013 година мастер обучувачите учествуваа во завршни подготовки за спроведување на обуките со тимовите за училишна интеграција од втората фаза на имплементација на ПМИО. Подетално беа разгледувани сесиите за заеднички активности кои овозможуваат интеракција со ученици кои ја следат наставата на различен наставен јазик (екскурзии, секции, спортски активности, мултикултурни работилници).
- **Обуки на тимови за училишна интеграција од втората фаза**. Во периодот од 25 до 28 јуни, 2013 година беа организирани дводневни обуки за тимовите за училишна интеграција од 48 училишта (од вкупно 194) вклучени во втората фаза на имплементација на ПМИО. Главната цел на обуките беше на учесниците да им се презентира концептот за меѓуетничка интеграција во образованието кој промовира модел на образование кој на учениците им овозможува заеднички наставни и вон-наставни активности и интеракција со етнички/јазично мешани групи ученици. Обуките беа спроведени од страна на 24 мастер обучувачи со поддршка на партнер организациите Лоја и Сумнал.
- **Еднодневна обука на обучувачи за стручни соработници** за родителско вклучување во унапредувањето на меѓуетничката интеграција во образованието. Во текот на работилницата, одржана на 16 јуни, 2013 година мастер обучувачите се подготвија за спроведување на еднодневни обуки со стручните соработници од 58 пилот училишта за вклучување и соработка со родителите во подобрување на меѓуетничката интеграција во образованието.
- **Еднодневни обуки** за родителско вклучување во унапредувањето на меѓуетничката интеграција во образованието, за сите стручни соработници во 58 пилот училишта. Целта на обуката е согледувањето на потребата од вклучување на родителите во спроведување на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието.
- **Квартални состаноци во четирите пилот општини,** одржани со одговорните за реализација на ПМИО во општините со цел да се споделат информации за активностите за меѓуетничка интеграција во образованието во основните и средните училишта во минатиот период и размена на идеите за планирањето на активностите во наредниот период, односно во почетокот на наредната учебна 2013/2014 година.
- **Состанок со раководствата на педагошките факултети „Св. Климент Охридски“ Скопје и „Св. Климент Охридски“, Битола**. На одржаните средби се презентираа целите и активностите на ПМИО, планирани за реализација со наставниот кадар од факултетите за идни наставници. Раководствата на двата факултети со големо задоволство ја прифатија понудата за вклучување во реализација на ПМИО во високото образование.

## Компонента 3 – Модел училишта

- **Фацилитирање училишни средби во секое модел училиште за координирање при развивање акциони планови.** Во текот на месецот беше одржана една средба, со партнер модел училиштата од Куманово. На средбата присуствуваа претставниците на тимовите за училишна интеграција како и наставници од кои се очекува да реализираат активности во училиштата. Најпрво беа презентирани резултатите од самоевалуацијата, за секое училиште посебно, а потоа низ вежби се работеше за дефинирање на мисијата и визијата на училиштата низ призмата за меѓуетничка интегрирација.
- **Самоевалуација на модел училиштата.** Во текот на месецот јуни во сите модел училишта беше спроведена самоевалуација на училиштето во која учествуваа сите наставници, како и примерок од родители и ученици.
- **Обуки на наставници од модел училиштата за препознавање и реагирање на етнички стереотипи и предрасуди.** Во изминатиот период се одржа обука (со две групи наставници) во модел училиштето во Гостивар. Обуката се одржаа со наставници што предаваат на различни наставни јазици. Обуката се спроведе на тој начин што беа презентирани теориски концепти подржани со различни примери од секојдневието, но и практични вежби, со цел наставниците да ја согледаат улогата на образованието во креирањето но и реагирање, односно спречување на стереотипите и предрасудите.
- **Презентација на проектните активности.** На 10 јуни во Гостивар, во средното економско училиште „Гостивар" беше одржан настан, на кој беа презентирани проектните активности на поширок аудиториум и тоа: претставници на БРО, ДПИ, одговорни за образование во рамки на општините, родители, наставници и ученици. Настанот беше составен од два дела. Во првиот дел преку најразлични културно уметнички точки настапуваа ученици од различни наставни јазици во посебни, но и во исти точки (ора, песни, итн). Во вториот дел, во повеќе училници имаше изложба и видео презентација на продукти од работата на групите со ученици од различни наставни јазици во вон-наставните активности на училиштето.

## Компонента 4 - Стимул за училиштата

- **Меморандуми за соработка.** Потпишани се Меморандуми за соработка со следните 7 училишта и општини:
  1. ОУ Димитар Миладинов, Скопје, општина Центар;
  2. СОУ Јосип Броз Тито, Скопје, Скопје;
  3. ОУ Ѓорѓи Сугарев, Битола, општина Ботола;
  4. ОУ Јосип Броз Тито, Струга, општина Струга;
  5. СОУ Ванчо Прке, Виница, општина Виница;
  6. ОУ Христијан Тодоровски Карпош, с.Драгоманце, општина Старо Нагоричане;
  7. ОУ Димитрија Чуповски, Велес, општина Велес.
- **Објавување на јавни тендери за избор на градежни компании** за имплементација на активностите за реновирање. Подготвена е тендерска документација и објавени се огласи за реновирање во два дневни весника Дневник и Коха (македонски и албански) и на веб страната на Проектот за 7 училишта избрани за реновирање во 2013 година.
- **Евалуација на компании за изведба на реновирањата**. Направени се интервјуа со прво рангираните три фирми за изведба на 2 проекти во Штип и Пробиштип. Евалуацијата е доставена на одобрување во УСАИД. За 4 проекти во Центар, град Скопје, Струга и Битола направено е јавно отварање на понудите и евалуацијата е во тек.
- **Избор на лиценцирани компании за вршење надзор на изведба**. Доставени се барања за понуди за вршење надзор на изведба на 6 проекти до 15 компании од листата на ПМИО за компании лиценцирани за вршење надзор на изведба за училишни објекти. Добиени се понуди и избрани се компаниите за надзор на изведба на проектите во Штип, Пробиштип, Центар, град Скопје, Струга и Битола.

**Мониторинг и Евалуација**

- **Мониторинг активности.** Беа подготвени табели за обработка на податоците добиени од користените чек листи во дел од училиштата од пилот општините и од модел училиштата. Се спроведува тестирање на чек листите подготвени за сите компоненти од ПМИО.
- **Активности за евалуација.** Беа подготвени табели и внесени прашалниците од евалуацијата на активностите од мултикултурните работилници реализирани во модел училиштата во Скопје, Кичево, Гостивар и Охрид. Се подготвува сумиран извештај од евалуација на активности, претежно обуки во рамки на сите компоненти на ПМИО.
  Подготвен нов терк за пишување извештај од обуки спроведени од страна на обучувачи ангажирани во рамките на ПМИО.
- **Активности поврзани со истражувањето на појдовната состојба.** Беше зададен прашалник за родителите во модел училиштето ОУ Бајрам Шабани од Куманово. Податоците беа внесени во базата на податоци - со оваа активност се заврши истражувањето на појдовната состојба и во новоизбраните модел партнер училишта во Куманово и податоците ќе станат интегрален дел од извештајот за истражување за појдовната состојба.

## II. ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДНИОТ МЕСЕЦ

### Компонента 1- Информирање на јавноста и заедниците

- Подготовка на содржина за прво издание на Билтен на ПМИО.
- Интервју со Горан Пандев за меѓуетничка интеграција во образованието.
- Подготовки и состаноци со партнер организациите за претстојните активности.
- Продолжување на неформални редовни средби со уредниците и новинарите, со цел да се информираат за прогресот и активностите во рамките на проектот.

### Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците

- Продолжување на обуки со тимови за училишна интеграција од втората фаза.
- Состаноци со раководствата на педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ Штип, Филозофски факултет на ДУТ, Тетово и Факултетот за јазици, култури и комуникации на Универзитетот за Југоисточна Европа, Тетово.

### Компонента 3 – Модел училишта

- Обуки за училишните одбори за функционирање во најдобар интерес на учениците
- Реализирање консултативна средба меѓу ЦЧПРК и партнер организациите.
- Фацилитирање училишни средби во секое модел училиште за координирање и развивање акциони планови.
- Ревизија на листите за интерен и екстерен мониторинг и адаптација на листите за користење во партнер модел училиштата.
- Креирање на нови листи за екстерен мониторинг за активности што ќе се воведат од септември во модел училиштата.
- Ревизија на прирачниците за демократска партиципација и заеднички активности на учениците.

### Компонента 4 - Стимул за училиштата

- Доставување на апликација за реновирање на едно училиште и нејзино одобрување.
- Потпишување на Меморандуми за соработка со градоначалниците и директорите на училиштата за два проекти за реновирање.
- Објавување на јавни тендери за избор на градежни компании за имплементација на активностите за реновирање во две училишта.
- Евалуација на компании за изведба на проекти со прво рангираните три фирми за изведба на девет проекти.
- Потпишување договори со компании за изведба и компании за надзор на изведба за проекти за реновирање на девет училишта.
- Отпочнување со активности за реновирање во девет училишта.

### Мониторинг и евалуација

- Мониторинг на активностите реализирани по компоненти.
- Сублимирање на извештаи по компоненти и подготовка на сумиран извештај.
- Подготовка на систем/база за внесување и прибирање на податоците од мониторинг чек листите.
- Внесување на податоците од мониторинг чек листите користени во одреден број на училишта и нивна обработка и анализа.
- Обработка и сумирање на податоците добиени од евалуацијата на мултикултурните работилници во модел училиштата.
- Подготовка на листи за евалуација по барање на координаторите на компонентите.